**20260891358**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

☐

☐Врз основа на член 54 став (1) точка 2. потточка 2.14, член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2, а во врска со член 165 став (4) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 април 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ ЗА ПЕРИОД 2026-2030 ГОДИНА НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Со оваа одлука се одобрува Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2026-2030 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија.
2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија, Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2026-2030 година од точка 1 на оваа одлука да го објави на својата веб страна.
3. Оваа одлука се доставува до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Бр. 12-518/2
23 април 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Ацо Ристов,** с.р.